РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

12-1764/4
06-09-2021

Врз основа на член 22 и член 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител на 51-та седница одржана на ден 31.08.2021 година донесе

**О Д Л У К А**

**СЕ ЗАПИРА** постапувањето на ДКСК по предмет оформен по пријава број 12-1593/1 од 10.03.2020 година поднесена од познат подносител – ----------------------------, во која се укажува на сомневање за незаконско постапување од страна на инспектор во Државниот просветен инспекторат.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата по увидот во содржината на пријавата и дополнителната документација утврди дека нема елементи за натамошно постапување по предметот од причина што постапил и преземал мерки надлежен орган и не се потврдени наводите од пријавата.

Предметот со број 12-1593/1 од 10.03.2020 година да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Предметот со број 12-1593/1 од 10.03.2020 година е оформен врз основа на добиена пријава од познат подносител – ------------------------.

Во пријавата, се укажува на сомневање за незаконско постапување од страна на инспектор во Државниот просветен инспекторат. Имено, во пријавата се наведува дека од страна на државниот просветен инспектор било донесено Известување од 06.02.2020 година со кое на директорот на ООУ ---------------------------------- му било посочено дека при изборот на наставник по физичко образование му нема дадено предност на кандидатот кој има повисок успех во текот на додипломските студии, со што директорот има направено повреда на чл.10 ст.3 од ЗНСС. При тоа издал инспекциска мерка опомена заради отстранување на направената повреда. На ден 18.02.2020 година истиот инспектор носи известување во кое се наведува дека Државниот просветен инспекторат преку државниот просветен инспектор ------------------------------------------------, врз основа на членовите 124 и 125 од Законот за општата управна постапка (Службен весник на РМ, бр.124/2015) донесе решение од 18.02.2020г со кое за ништовен се огласува управниот акт Решение од 06.02.2020г. Во продолжение на пријавата се наведува

дека е нејасно од кои причини е донесена ништовност на управниот акт, а известувањето со кој се огласува за ништовен е без образложение и спротивен на сите закони и подзаконски акти.

Заради проверка на наводите и целосно утврдување на фактичката состојба по отворениот предмет, Државната комисија побара од Инспекцискиот совет да изврши проверка на наводите од пријавата во однос на постапувањето на Државниот просветен инспекторат/инспектор посочен во пријавата при донесувањето на горенаведените акти и да ја извести Државната комисија за констатираната состојба. По барањето на Државната комисија е добиено известување од страна на Инспекцискиот совет со кое информира дека на своја редовна седница е донесен следниот заклучок: „Од севкупната анализа на актите кои произлегуваат од постапувањето од страна на државниот просветен инспектор ----------------------------------------------, наводите од претставката/барањето не се основани и истата се смета за затворена".

Врз основа на вака утврдената фактичка состојба, Државната комисија за спречување на корупцијата оцени дека нема елементи за нејзино натамошно постапување по предметот согласно членот 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, од причина што постапил и преземал мерки надлежен орган и не се потврдени наводите од пријавата.

Имајќи го предвид горенаведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на членот 22 и 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Изработил: м-р Б.К.Ш., Советник
Одобрил: м-р Ш.С., Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**